ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

# Предлог на закон
# за изменување на Законот за Инспекторат за употреба на јазиците

по скратена постапка

Скопје, април 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar | 30. 04. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2506/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 141, 142, 144 и 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на Закон за изменување на Законот за Инспекторат за употреба на јазиците, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ

Бобан Карагерговски
Весна Бендевска
Тони Ѓаревски
Бети Стаменкоска-Трајкоска
Даниела Бешова
ПАВЛЕ АРСОСКИ
Даниел Стојчевски

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за Инспекторат за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 220/19 и 42/20) е законско решение донесено во 2019 година и изменето во 2020 година. Со законското решение е уредена надлежноста, организацијата и постапките за инспекцискиот надзор на инспекторатот. Притоа Инспекторатот согласно членот 3 е дефиниран како орган во состав на Министертството за правда, со својство на правно лице. Членот 4 од Законот утврдува дека во постапката при вршењето на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 120/19).

Притоа, во членот 26 од Законот за инспекциски надзор била уредена организацијата на инспекциските служби како (1) органи во состав на министерствата – државни инспекторати за одделни области; 2) организациски единици за инспекциски надзор во состав на органите на државната управа – сектор или одделение за инспекциски надзор; 3) организациски единици за инспекциски надзор во состав на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје – Сектор или одделение за инспекциски надзор; Ставот (2) утврдувал дека инспекциските служби имаат својство на правно лице. Со извршените измени на ова законско решение во декември 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 272/24) ставот 2 на членот 26 е избришан и сите инспекторати го изгубиле статусот на правно лице.

Воедно, во меѓувреме извршени се измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Северна Македонија” број 121/2024), со кои што во преодните и завршните одредби е изоставен Инспекторатот за употреба на јазиците како орган во состав на Министерството за правда.

Дополнително, токму повикувајќи се на овие измени на Законот за организација и работа на органите на државната управа, во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година објавен во „Службен весник на Република

Северна Македонија“ број 254/24, во рамки на Министерството за правда, како посебна потпрограма е вклучен Инспекторатот за употреба на јазиците, согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа.

На 03.02.2025 година донесени се дополнителни измени на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 22/25), согласно кои во член 8 јасно е дефинирано дека вработените, опремата, инвентарот и другите движни и недвижни ствари, документацијата (вклучувајќи ја и архивата), побарувањата и намирувањата на обврските, средствата за работа како и сите права и обврски кои произлегуваат од склучените договори на инспекциските служби се преземаат во министерствата во чии рамки продолжуваат да работатат како органи во состав без својство на право лице.

Од тие причини, а поради очигледната неусогласеност и недоследност на сите веќе споменати законски решенија, особено од аспект на позицијата на Инспекторатот и својството на правно лице, вработените во Инспекторатот се соочуваат со сериозни проблеми во функционирањето на Инспекторатот, исплатата на плата и сите други финансиски обврски.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на Закон се очекува креирање на можност за брзо и навремено надминување на проблемот.

Со оглед на изнесеното погоре, предлагаме да се донесе Законот за изменување на Законот за Инспекторат за употреба на јазиците.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведување на овој закон не повлекува финансиски импликации и за донесување на истиот не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Имајќи ја во предвид сериозноста на проблемот, како и потребата од промптна реакција, а согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и од причина што не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Предлогот на закон да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон за изменување на
Законот за Инспекторат за употреба на јазиците

Член 1

Во Законот за Инспекторат за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 220/19 и 42/20), во член 3 ставот (2) се брише.

Член 2

Во член 8 став (5) во точката 4 зборот „шест“ се заменува со зборот „пет“.

Точката 5 се менува и гласи:

„поседува уверение, сертификат или друг документ за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга и;“

Член 3

Членот 10 се менува и гласи:

„Директорот своите надлежностите ги извршува во согласност со членот 30 од Законот за инспекциски надзор.“

Член 4

Директорот на Инспекторатот за употреба на јазиците именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 5

(1) Вработените, опремата, документацијата, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Инспекторатот за употреба на јазиците се преземаат од Министерството за правда.

(2) Вработените од став (1) на овој член се преземаат најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи делот од член 20 став (1) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ број 7/19), кој се однесува на својството на правно лице на Инспекторатот.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Закон за изменување на Законот за Инспекторат за употреба на јазиците содржи седум члена.

Со членот 1 од Предлогот на законот, јасно се утврдува правниот статус на инспекторатот како орган во состав на Министерството за правда и се врши целосно усогласување со Законот за инспекциски надзор.

Со членот 2 се врши целосно усогласување со Законот за инспекциски надзор во однос на условите за именување на директор на Инспекторатот.

Со членот 3 во делот на надлежностите на директорот на Инспекторатот се врши целосно усогласување со Законот за инспекциски надзор.

Со членот 4 се уредува преодна одредба за директорот на Инспекторатот именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон да продолжи да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Со членот 5 се уредува дека вработените, опремата, документацијата, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Инспекторатот за употреба на јазиците се преземаат од Министерството за правда.

Со членот 6 се уредува дека со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи делот од член 20 став (1) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ број 7/19), кој се однесува на својството на правно лице на Инспекторатот.

Со членот 7 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и имаат за цел уредување на функционирањето на Инспекторатот за употреба на јазиците.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на законот се врши усогласување и унифицирање на правната рамка на сите инспекциски служби во државата.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 3

(1) Работите на инспекцискиот надзор од областа на примената на Амандманот V од Уставот на Република Северна Македонија и на одредбите од Законот за употреба на јазиците ги врши Инспекторатот за употреба на јазиците (во натамошниот текст: Инспекторат) како орган во состав на Министерството за правда (во натамошниот текст: Министерството).

(2) Инспекторатот има својство на правно лице.

Член 8

(1) Со работите на Инспекторатот раководи директор.

(2) Директорот на Инспекторатот го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(3) Директорот се именува за време од четири години со право на еден повторен избор.

(4) Директорот на Инспекторатот се избира по пат на јавен оглас кој треба да биде објавен во најмалку два дневни весника, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(5) За директор на Инспекторатот може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. има државјанство на Република Северна Македонија;

2. во моментот на именување со правосилна судска пресуда не му е изречена казна затвор или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3. има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

4. има најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, во соодветната област;

5. поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англиски јазик:

- ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2) и

6. поседува потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Член 10

(1) Директорот ги врши следните работи:
1) ја координира и организира работата на Инспекторатот;
2) го претставува и застапува Инспекторатот;
3) презема правни дејствија во име и за сметка на Инспекторатот;
4) обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на Инспекцискиот надзор;
5) одлучува за правата и обврските на вработените во Инспекторатот;
6) обезбедува услови за стручно усовршување и специјализирана обука на инспекторите;
7) донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работни места во инспекторатот;
8) донесува програмски и извештајни документи во согласност со Законот за инспекциски надзор;
8-а) донесува и други акти за кои е овластен согласно со закон;
9) обезбедува јавност во работењето на инспекторатот; и
10) врши други работи од надлежност на инспекторатот, во согласност со закон.

(2) Директорот во негово отсуство или кога поради болест и други причини, не е во можност да ја извршува функцијата, го заменува еден од раководните инспектори, овластен од директорот.

Член 20

Закон за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ број 7/19)

(1) За надзорот над целосно и доследно спроведување на одредбите на овој закон кои се однесуваат на употребата на јазиците, се формира Инспекторат за употреба на јазиците (во натамошниот текст: Инспекторатот), во состав на Министерството за правда со својство на правно лице.

(2) Начелата, надлежноста, организацијата на инспекција и постапките на инспекцискиот надзор на Инспекторатот за употреба на јазиците се уредуваат со посебен закон.